SPARKASSE BANK

**ЗАДОВОЛЕНА ПРАВДА**

*По 35 години затвор за Бен Али и сопругата*

СТР. 17



**ЖАРКО КУЈУНЏИСКИ**

*Сечилото на јавниот бонсек*

**СЕМ ВАКНИН**

*Арапска пролет, израелска зима*

СТР. 12-13

**РУБИК**

*Земјата на божеството Хаос*

СТР. 11



Дневник

Среда, 22 јуни 2011
година XVI, број 4593
www.dnevnik.com.mk

ЦЕНА 15 ДЕНАРИ

# Александар се врати дома

Најголемиот број од присутните со воодушевување го следеа поставувањето на обележјата на античките војсководци, но имаше и такви што сметаа дека ова е непотребно трошење пари. Грција нема што да се лути, овој споменик може да биде поставен во секоја држава - изјавија граѓаните

Стр. 2-3










Фото: Слободан Ѓ...

# Гостиварка држела бордел во Скопје

Полицијата открила бордел откако двајца маскирани насилници ги претепале сопственичката и неколку проститутки што „работеле“ во изнајмен стан во скопската населба Карпош 2, дознава „Дневник“.

Сомневањата на станарите од зградата број 12, на улицата Бранислав Нушиќ, дека во еден од становите има јавна куќа, се покажале како вистинити завчеравечер кога дошла брза помош и полиција да им помогне на претепаните девојки. Тепачите навреме го напуштиле борделот, но не и гостиварката Елизабета Е. (37), која е осомничена дека им наоѓала муштерии на две девојки. Стр. 10

# Крадците летуваат во Скопје

Ограбен стан во Скопје, златен накит украден од куќа во Гостиварско, исчезна сеф полн со пари, сопственик им го оставил клучот на крадците... Ова се само дел од насловите во весниците во врска со сè позачестените кражби во станови и во куќи во Македонија пред почетокот на летото, за кога се очекува бројот на овие случаи драстично да се зголеми.

Сеф со 1.500 евра бил украден од куќа во скопската населба Козле, а крадците, кои провалиле во домот на Ј. Т. Р. на улица Атинска, однеле и златен и сребрен накит. Друг крадец украл 5.500 евра и злато од куќа во гостиварско Чајле, откако го пронашол клучот од влезната врата, кој сопственикот го скрил во кутијата за струјомерот. Стр. 5



# Српското млеко поевтино во Македонија

Српската млечна индустрија „Имлек“, која е сопственик на Битолската млекарница (ИМБ), од следната недела ќе го поскапи млекото во Србија. И покрај поврзаноста на двете млекарници, засега нема најава дека ќе поскапат млекото и млечните производи на ИМБ во земјава. Стр. 7

**ВРЕМЕТО ДЕНЕСКА**

мин 7
макс 34

Стабилно, суво и топло

Издава: „Круг“ ДООЕЛ
Адреса: Бул. 11 Октомври бр 25, 3 кат
1000 Скопје, Македонија
Тел. 02/3236-800, факс. 02/3236-801